РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА
Бр. 04-3011/1
26.11.2026
МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

Врз основа на член 22 став 1 точка 8 и член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр 5/2002;202/24), член 49 од Статутот на Општина Македонска Каменица („Службен гласник на Општина Македонска Каменица бр.20/19, 38/20, 33/24), член 6 од Правилник бр.08-2913/1 од 13.11.2026 година за доделување на стипендии на талентирани ученици во основно и средно образование запишани во општинските и државни училишта и на талентирани студенти запишани на државните универзитети, Градоначалникот на Општина Македонска Каменица распишува:

КОНКУРС

за доделување 30 (триесет) стипендии на талентирани ученици во основно и средно образование запишани во општинските и државни училишта и на талентирани студенти запишани на државните универзитети за учебната 2026/2027 година

Општина Македонска Каменица за учебната 2026/2027 година ќе додели 30 (триесет) стипендии за талентирани ученици во основно и средно образование запишани во општинските и државни училишта и на талентирани студенти запишани на државните универзитети.

I. УСЛОВИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИЈА

Право на стипендија имаат ученици и студенти кои се:

-Жители на Општина Македонска Каменица (градот и населените места кои припаѓаат на Општина Македонска Каменица);

-Не се корисници на стипендија или друга финансиска поддршка од некои други институции или компании;

-Учениците од основното образование да се редовни ученици во осмо или во деветто одделение;

-Учениците од средното образование да се редовни ученици во втора; во трета или во четврта година;

- Редовните студенти кои се заинтересирани за доделување на стипендии можат да се пријават започнувајќи од втора студиска година.

КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИИ НА УЧЕНИЦИ

Бодирањето на учениците ќе се врши на следниот начин:

(1) Остварен успех од 5,00 (пет) во текот на претходните учебни години. По овој основ ученикот добива 50 бода.

(2) Оправдани изостаноци во последната учебна година се бодираат на следниот начин:

РЕД.БР.	ОПРАВДАНИ ИЗОСТАНОЦИ	БОДОВИ
1.	Нема изостаноци	7
2.	До 50 изостаноци	5
3.	Од 51 до 100 изостаноци	2
4.	Над 100 изостаноци	0

(3) Неоправдани изостаноци се бодираат на следниот начин:

РЕД.БР.	НЕОПРАВДАНИ ИЗОСТАНОЦИ	БОДОВИ
1.	Нема изостаноци	5
2.	До 4 изостаноци	-1
3.	Од 5 до 9 изостаноци	-3
4.	Од 10 до 20 изостаноци	-6
5.	Над 20 изостаноци	-10

(4) Учество и освоени награди на регионални, државни, меѓународни натпревари и олимпијади.
(За награди освоени на регионално и државно ниво ќе се признаваат само награди доделени од акредитирани здруженија на наставниците од страна на МОН кои организираат натпревари на ученици).

Освоено место	Регионален натпревар	Државен натпревар	Меѓународен натпревар	Олимпијади
1 место	4,5	15	19	17
1 награда	4	13	17	15
2 место	3,5	11	15	13
2 награда	3	10	14	11
3 место	2,5	8	12	10
3 награда	2	7	10	8
Пофалница	1,5	5	9	7
Учество	1	3	7	5

(5) Бројот на бодови за ангажмани и постигнати резултати во слободни ученички активности се доделува по следните критериуми:

Вид на слободни активности	Број на бодови
Воннаставни активности на училишно ниво	1
Воннаставни активности на општинско ниво	2
Воннаставни активности на регионално ниво	3
Воннаставни активности на државно ниво	4
Воннаставни активности на меѓународно ниво	6

(Доколку ученикот има ангажман во повеќе воннаставни активности, резултатите се собираат, но не можат да надминат повеќе од 6 бода).

(6) Објавени трудови на учениците – 5 бода.

КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИИ ЗА СТУДЕНТИ

Бодирањето на студентите ќе се врши на следниот начин:

(1) Остварен просечен успех во текот на студирањето за последната учебна година

Просечен успех	**За студенти на општествените науки и факултетите од уметностите...**	**За студенти на техничките науки и медицинските науки**
9.51 – 10.00	90	100
9.21 – 9.50	80	90
8.91 – 9.20	70	80
8.61 – 8.90	60	70
8.31 – 8.60	50	60
8.00 – 8.30	40	50

(2) Освоени награди на државни и меѓународни натпревари и олимпијади

Освоено место	Државен натпревар	Меѓународен натпревар	Олимпијади
1 место	15	30	25
2 место	10	20	15
3 место	5	10	7
Пофалница	5	9	7
Учество	3	7	5

(3) Општествени и интелектуални иницијативи на студените (учество во хуманитарни акции, учество на семинари, конференции, образовни проекти, благодарници и сл.) ќе се бодираат по 1 бод.
(Доколку студентот има ангажман во повеќе активности, резултатите се собираат, но не можат да надминат повеќе од 6 бода).

(4) Објавени стручни трудови од областа во која се оспособува – 5 бода.

II. НАЧИН И РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИ

Кандидатите кои ги исполнуваат условите од Конкурсот поднесуваат пријава кон која ги приложуваат следните документи:

1. За сите кандидати:

- Фотокопија од лична карта и трансакциска сметка на ученикот/студентот (доколку ученикот/студентот не ги поседува документите, тогаш се доставува фотокопија од лична карта и трансакциска сметка на законскиот застапник на ученикот - родител / старател);

- Изјава од родител/старател, односно од студентот, заверена кај Нотар дека ученикот/студентот не е корисник на стипендија или друга финансиска поддршка од некои други институции или компании и дека доставените документи се веродостојни и верни на оригиналот;

- Изјава потпишана од родител/старател, односно од студентот за обработка на личните податоци на кандидатот и законските застапници, за целта за која се поднесени документите кои ги содржат личните податоци. Копија од документ кој потврдува освоени награди на регионални, државни, меѓународни натпревари и олимпијади;

- Копија од потврда или благодарница за учество во слободни ученички/студентски активности;

- Копија од насловната страна на издаден труд.

а) За ученици во основно образование:

-Оригинал потврда за редовен ученик во општинско училиште со податок за бројот на оправдани и неоправдани изостаноци;

-За кандидати од осмо одделение копија од свидетелства за завршено шесто и седмо одделение:

-За кандидати од деветто одделение копија од свидетелства за завршено шесто; седмо осмо одделение:

б) За ученици во средно образование:

- Оригинал потврда за редовен ученик во општинско и државно училиште со податок за бројот на оправдани и неоправдани изостаноци; година.

- За кандидати од втора година копија од свидетелство за завршена прва година;

- За кандидати од трета година копија од свидетелства за завршена прва и втора година;
- За кандидати од четврта година копија од свидетелства за завршена прва; втора и трета.

в) За студенти:

- Оригинал потврда за редовно запишан зимски семестар во соодветната студиска година на државен универзитет;

- Уверение со број на предвидени и положени испити во претходните години во кое ќе биде наведено дека кандидатот ги има положено 100% од испитите од претходните години.

- Копија од индекс за податоците за редовност на настава.

Пријавите и потребните документи се поднесуваат до Архивата на Општина Македонска Каменица или по пошта на адреса:

- Општина Македонска Каменица, улица „Каменичка,, број 2 Македонска Каменица.

Конкурсот трае 15 дена сметано од денот на објавувањето на ВЕБ страната на Општината.

Ненавремените и некомплетните документи не се разгледуваат.

Одлуката за доделување на стипендии на кандидати според утврдената ранг листа ќе биде јавно објавена на ВЕБ страната на Општината.

III. ВИСИНА НА СТИПЕНДИЈАТА

Висината на стипендијата ќе изнесува **5.000,00 денари** месечно и ќе се исплатува во траење од 10 (десет) месеци за времетраењето на учебната 2026/2027 година.

Изработил: Васко Десподовски

ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА
Градоначалник
Соња Стаменкова

